| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Во нашата градинка |
| **Содржина на денот** | Боите на градинката |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Дајана М. Костова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за правилно хигиенско однесување при кивање и кашлање. |
| **Активности** | 1. Разговор за боите во градинката.<br><br>Запознавање на децата со основните бои. Земете црвена, жолта, и сина боја од пластелин. Со детето разговарајте за боите на играчките во домот и во градинка. Побарајте од дететето, од секоја боја од понудениот пластелин да откине дел и со него да прави топчиња. Направете ги топчињата и ставете ги во еден сад. Земете чашки и на нив нацртајте кругче со соодветна боја (црвена, жолта, сина), може да користите и чашки во истата боја. Потребно е секое топче да го стават во соодветната чашка (куќичка).<br><br>Претходно разговарајте за предметите во градинката или во домот кои се во црвена боја пр. капата на Црвенкапа. Побарајте од детето да ви донесе топка во жолта боја.<br>-Игра – исечете повеќе квадратчиња, секој во соодветна боја (црвен, син, жолт). Пронајдете играчки во дадената боја и истите ставете ги во соодветниот квадрат (слика 1).<br>Покажете му слики:<br>-Каква боја е сонцето? (слика 2) Што има во занималната/ собата во жолта боја? Знаеш ли некое овошје во жолта боја? Каква боја е небото? (слика 3). Пронајдете нешто со сина боја и донесете го.<br>-Игра – исечете повеќе круга, секој во соодветна боја (црвен, син, жолт). Поставете ги вертикално на одредено растојание. Во црвениот круг децата треба да застанат со една нога надвор кругот,а со другата нога внатре во кругот. Во синиот круг треба да застанат со една нога, а на жолтиот круг треба да застанат со двете нозе. |